Врз основа на член 69 од Законот за животна средина средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад на Пелагониски плански регион организира:

**Јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина по Нацрт – Регионалниот план за управување со отпад за Пелагониски регион**

**ПОКАНА**

**Почитувани,**

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да присуствувате на јавните расправи кои се организираат по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина по Нацрт – Регионалниот план за управување со отпад за Пелагониски регион. Овие документи се изготвуваат во рамките на проектот „Подготовка на документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски плански регион "(EuropeAid / 136347/IH/SER/ МК)", финансиран од Европска Унија преку инструментот за предпристапна помош (ИПА).

На јавната расправа ќе бидат презентирани главните наоди и заклучоци од процесот на подготовка на нацрт извештајот, предложените мерки и алтернативи од страна на консултантскиот тим ангажиран на негова изработка.

**Со цел да се обезбеди поголема вклученост на јавноста, истите се организираат во повеќе општини, според следниот редослед:**

| Место на одржување | Дата и време на одржување | Место на одржување | Општини учеснички |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 08/11/2016, вторник почеток 14:00 часот | Конференциска Сала, Хотел Епинал, ул. Маршал Тито бб, Битола | Битола, Ресен, Могила, Новаци |
| **Крушево** | 09/11/2016, среда почеток 12:00 часот | Сала во Пензионерски дом, ул. Илинденска бб, Крушево | Крушево, Кривогаштани, Демир Хисар |
| **Прилеп** | 10/11/2016, четврток почеток 12:00 часот | Голема сала за состаноци, ул. Прилепски бранители бр.1, Општина Прилеп | Прилеп, Долнени |

Јавните расправи се организираат со цел да се обезбедат коментари/сугестии/ставови од страна на засегнатите страни. Извештајот е достапен за јавен увид од 19.10.2016 до 19.11.2016 година на веб страната на Центарот за развој на Пелагониски плански регион и општините кои му припаѓаат, а печатена верзија е достапна во канцелариите за ЛЕР.

Доколку не сте во можност да присуствувате на јавните расправи, Вашето мислење можете да го доставите писмено, заклучно со 19.11.2016 година.

За дополнителни информации можете да се обратите на телефон 075/357-773 или на емаил: it@pelagonijaregion.mk.

Со задоволство го очекуваме Вашето присуство.

Меѓуопштински одбор за управување со
отпад во Пелагонискиот плански регион
Претседател,
Лазар Котевски

______________________

Раководител на Центар за развој
на Пелагониски плански регион
Емилиа Героска

______________________